# ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИМЕ ЗА МЛАДИНСКИТЕ ЦЕНТРИ ДА БИДАТ РЕАЛНОСТ?

Во текот на 2021 година во склоп на проектот „Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија“ поддржан од Швајцарска агенција за развој, Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и Националниот младински совет на Македонија (НМСМ), повеќе од 20 мобилизатори ги мониторираа актуелните мерки на Владата на Република Северна Македонија и го мобилизираа населението да дејствува за нивно соодветно и навремено остварување.

Еден од мобилизаторите, Софија Стојановска, го следеше процесот на имплементација на обврските од Законот за младинско учество и младински политики, поконкретно обврската на сите 80 општини да отворат младински центар на територијата со која тие управуваат. Покрај законот, Владата, односно Агенцијата за млади и спорт според Програмата за работа на Владата на РСМ за 2021 година исто така се обврза дека ќе вложи инфраструктурно и програмски во најмалку четири младински центри. Процесот на мониторирање започна во месец април и трае до месец декември, кога и завршуваат активностите за мобилизрање на заедницата кои започнаа во месец август.

**ШТО СЕ МЛАДИНСКИ ЦЕНТРИ?**

**МЛАДИНСКИТЕ ЦЕНТРИ СЕ МЕСТА КАДЕ СЕ ПОДГОТВУВААТ И СПРОВЕДУВААТ ПРОГРАМИ КОИ ЈА ПОДОБРУВААТ БЛАГОСОСТОЈБАТА НА МЛАДИТЕ, РАЗВОЈОТ НА ЛИЧНИОТ, СОЦИЈАЛЕН И ПРОФЕСИОНАЛЕН ЖИВОТ НА МЛАДИТЕ, ИНФОРМАЦИИ ОД ВАЖЕН ИНТЕРЕС ЗА МЛАДИТЕ И ДРУГИ АСПЕКТИ ОД ЖИВОТОТ НА МЛАДИТЕ.**

Во склоп на процесот на мобилизрање на млади кои ќе ги поттикнат општините да работат поактивно на процесот на отварање на младинските центри се организираа 5 работилници во форма на диксуија и се консултираа повеќе од 70 млади од Валандово, Велес, Куманово, Кавадарци и Битола за тоа какви активности за млади сакаат во младинскиот центар. Покрај тоа, тие одговараа и на прашањата какви активности за млади општо сакаат да видат во нивниот град и какви придобивки мислат дека ќе имаат од младинските центри. Одговорите на младите беа од една до друга крајност, но тоа на кое што сите се сложија е дека тоа треба да биде простор каде што ќе можат корисно да го поминуваат своето слободно време, каде што ќе можат да се соберат со врсниците и да се дружат, да се едуцираат на најразлични теми, место каде што ќе можат да ја развиваат својата креативност и да предложуваат и реализираат најразлични иницијативи за активности за млади во нивниот град.








За да може потребите и барањата на младите да бидат остварени тој простор треба да биде соодветно осопособен и финансиски поддржан. Односно, потребно е да има заеднички простор за дружење на младите, посебен простор за работилници и дискусии, канцелариски простор за вработените и простор за активности на отворено. Секако, се ова треба да биде достапно за младите од руралните и урбаните делови, младите со попреченост и за сите останати млади од општината.






# КАКО МЛАДИТЕ САКААТ ДА ИЗГЛЕДААТ МЛАДИНСКИТЕ ЦЕНТРИ:












Единствена општина која го отвори младинскиот центар во 2021 година е Кавадарци, додека општина Велес, Куманово и Пробиштип треба да ги отворат младинските центри на почетокот од 2022 година. Процесот за основање на младинските центри е пропишан во Законот за младинско учество и младински политики (чл.22) и во Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри. Основни чекори за нивно отварање кои треба да ги спроведе општината се:

1. **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СООДВЕТЕН ПРОСТОР;**
2. **ОПРЕМУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ОСНОВЕН МЕБЕЛ И ТЕХНИЧКА ОПРЕМА;**
3. **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ЦЕНТАРОТ;**
4. **РАСПИШУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЦЕНТАРОТ НА КОЈ МОЖАТ ДА СЕ ПРИЈАВАТ МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ ЗА МЛАДИ;**
5. **ИЗБИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ГРУПА НА ОРГАНИЗАЦИИ ВРЗ ОСНОВА НА КРИТЕРИУМИТЕ КОИ БИЛЕ ПРОПИШАНИ ВО ПОВИКОТ;**
6. **СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ПОМЕЃУ ОПШТИНАТА И ОРГАНИЗАЦИЈАТА ВО ПЕРИОД ОД 3 ДО 5 ГОДИНИ;**
7. **ОДГОВОРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ГРУПА НА ОРГАНИЗАЦИИ ПРОДОЛЖУВА СО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ.**

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Овој производ е изработен во рамки на проектот „Поддршка на изборни реформи“ на Швајцарската амбасада/Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), имплементиран од ИФЕС и НМСМ. Искажаните ставови, мислења и содржини во овој производ не ги отсликуваат оние на донаторот, проектот или имплементаторите.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

National Youth Council of Macedonia

IFES
Global Expertise. Local Solutions. Sustainable Democracy.